СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

НА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Година 21 број 13	Чешиново-Облешево 12.08.2025 година	Излегува по потреба

Врз основа на член 4 став 3 од Законот за меѓуопштинска соработка („Службен весник на Република Македонија „ бр.79/09 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 241/24), член 14 и член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија„бр.5/2002 и Службен весник на Република Северна Македонија бр 202/24) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново-Облешево („службен гласник на Општина Чешиново-Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019),Советот на Општина Чешиново-Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чешиново-Облешево и Општина Кратово

Член 1

Се прифаќа да се воспостави меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чешиново-Облешево и Општина Кратово за вршење на работи од надлежност на инспекциски надзор од Овластен инспектор за животна средина од Општина Чешиново-Облешево (давател на услуга) за потребите и за сметка на Општина Кратово (корисник на услуга).

Член 2

Надлежноста за која се воспоставува меѓуопштинската соработка е вршење работи од надлежност на општина од Овластен инспектор за животна средина од општина Чешиново-Облешево(давател на услуга) за потребите и за сметка на општина Кратово(корисник на услуга), преку „склучување договори за вршење на одредени работи од страна на една општина за една или повеќе други општини “ во согласност со член 9 став 2 алинеја 2 од Законот за меѓуопштинска соработка.

Член 3

За финансиските инпликации од соработката за работното ангажирање на овластениот инспекторза животна средина од Општина Чешиново -Облешево ќе се склучи посебен договор со кој ќе бидат уредени правата и обврските на Општина Чешиново-Облешево и Општина Кратово.

Член 4

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево.

Бр.08-1897/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чешиново-Облешево и Општина Кратово

1. Ја прогласувам Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чешиново-Облешево и Општина Кратово што Советот на Општина Чешиново - Облешево ја донесе на седницата одржана на 08.08.2025 година.

2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1915/1 Општина Чешиново-Облешево
11.08.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019), Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За разрешување и именување на членови на Управен одбор ЈОУДГ ,,Sвездички" Чешиново, Општина Чешиново-Облешево претставници од Советот на родители

Член 1

Се разрешуваат Драгана Тодорова Николова и Дарко Стојанов од членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Sвездички"- Чешиново, и на нивно место за членови на Управниот одбор на ЈОУДГ ,,Sвездички" - Чешиново, претставници од редот на родителите на децата, согласно предлпгот доставен од Советот на родители се именуваат Жарко Спасов и Наталија Стојановска.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„

Бр.08-1898/1 Совет на
11.08.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на членови на Управен одбор ЈОУДГ ,,Sвездички" Чешиново, Општина Чешиново-Облешево, претставници од Советот на родители

1. Ја прогласувам Одлуката за разрешување и именување на членови на Управен одбор ЈОУДГ ,,Sвездички" Чешиново, Општина Чешиново-Облешево, претставници од Советот на родители, донесена на Советот на Општина Чешиново-Облешево на ден 08.08.2025 година

2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1914/1 Општина Чешиново-Облешево
11.08.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

О Д Л У К А

За утврдување на работното време на ЈОУДГ ,,Svездички" Чешиново за воспитната 2025/2026 година

Член 1

Согласно барањето од ЈОУДГ ,,Svездички" Чешиново, Советот на Општина Чешиново-Облешево го утврди работното време во ЈОУДГ ,,Svездички" Чешиново за воспитната 2025/2026 година.

Работното време на ЈОУДГ,,Svездички" Чешиново, за воспитната 2025/2026 година е од понеделник до петок и започнува во 06.30 часот, а завршува во 16.30 часот.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„

Бр.08-1899/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на работното време на ЈОУДГ ,,Svездички" Чешиново за воспитната 2025/2026 година

1.Ја прогласувам Одлуката утврдување на работното време на ЈОУДГ ,,Svездички"-Чешиново за воспитната 2025/2026 година

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево .

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево".

Бр.09-1913/1
11.08.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) а во согласност со член 64 став 5 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија „ бр. 23/13....132/25), Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 11.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За давање Согласност на ЈОУДГ„ Svездички"-Чешиново за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи за воспитнта 2025/2026 година

Член 1

Советот на на Општина Чешиново - Облешево дава Согласност на ЈОУДГ ,,Svездички" Чешиново за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи од бројот на деца утврден со Закон, за воспитната 2025/2026 година.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„ .

Бр.08-1900/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),

Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
за прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на ЈОУДГ„ Ѕвездички“-Чешиново за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи за воспитнта 2025/2026 година

1.Ја прогласувам Одлуката за давање Согласност на ЈОУДГ„ Ѕвездички“-Чешиново за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи за воспитнта 2025/2026 година, донесена на Советот на Општина Чешиново-Облешево на ден 08.08.2025 година

2.Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево .

3.Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на општина Чешиново-Облешево“.

Бр.09-1912/1 Општина Чешиново-Облешево
11.08.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За усвојување на Извештајот за финансиско-материјално работење на ,,ЈПКД “Облешево за периодот 01.04.2025 – 30.06.2025 година

Член 1

Се усвојува Извештајот за материјално-финансиско работење на ,,ЈПКД” Облешево за периодот 01.04.2025 - 30.06.2025 година , изготвен од страна на ,,ЈПКД” Облешево .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„ .

Бр.08-1901/1 Совет на
11.08.2025 год. Општина Чешиново-Облешево
Облешево Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско-материјално работење на ,,ЈПКД “Облешево за периодот 01.04.2025 – 30.06.2025 година

1. Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско-материјално работење на ,,ЈПКД “Облешево за периодот 01.04.2025 - 30.06.2025 година донесена од Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на 08.08.2025 година.

2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1911/1 Општина Чешиново-Облешево
11.08.2025 год. Градоначалник
Облешево Далибор Ангелов

Врз основа на член 20-б, точка 1, алинеја 3 и точка 2 од Законот за вработените во јавниот сектор (,,Службен весник на Република Македонија “ бр.27/14, 199/14 , 27/16, 35/18 и 198/18 и ,,Службен весник на Република Северна Македонија “ бр.143/19 и 14/20) , Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

О Д Л У К А
За давање согласност на Годишниот план за вработување на ,,ЈПКД" Облешево за 2026 година

Член 1

Советот на Општина Чешиново-Облешево дава Согласност на Годишниот план за вработување на 2026 година во ,,ЈПКД" Облешево бр. 03-154/1 од 24.07.2025 година за планирани 1 (едно) унапредување и 5 (пет) нови вработувања .

Член 2

Средствата за бруто плати за новите вработувања се планирани и обезбедени во Буџетот на ,,ЈПКД Облешево ".

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново – Облешево„ .

Бр.08-1902/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ,,ЈПКД" Облешево за 2026 година

1. Ја прогласувам Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ,,ЈПКД" Облешево за 2026 година од Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на 08.08.2025 година.

2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.

3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1910/1
11.08.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 3 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За утврдување на пазарната вредност на разните видови на градежно земјиште

Член 1

Се усвојува Прегледот на просечни цени за утврдување на пазарна вредност на градежно изградено земјижте односно дворови,градежно неизградено земјиште и земјиште под згради кој е прилог на оваа одлука.

Член 2

Со влегување во сила на оваа одлука престанува да важи Прегледот на пазарна вредност на градежно изградено земјиште - дворови по населени места, за единица мерка м2,донесен со Одлука бр.08-434/1 од 06.03.2017 година.

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„ .

Бр.08-1903/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на пазарната вредност на разните видови на градежно земјиште

1. Ја прогласувам Одлуката за утврдување на пазарната вредност на разните видови на градежно земјиште која Советот на Општина Чешиново - Облешево ја донесе на седницата одржана на 08.08.2025 година.
2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.
3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1909/1
11.08.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 5 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А
За именување на член на Училишен одбор во ООУ Страшо Пинџур-Соколарци Општина Чешиново-Облешево претставнк од Советот на Општина Чешиново-Облешево

Член 1

За Член на Училишниот одбор во ООУ Страшо Пинџур-Соколарци,Општина Чешиново-Облешево, претставнк од Советот на Општина Чешиново-Облешево се именува Дане Ефремов од с.Уларци.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„

Бр.08-1904/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е
За прогласување и објавување на Одлуката за именување на член на Училишен одбор во ООУ Страшо Пинџур-Соколарци Општина Чешиново-Облешево претставнк од Советот на Општина Чешиново-Облешево

1. Ја прогласувам Одлуката за именување на член на Училишен одбор во ООУ Страшо Пинџур-Соколарци Општина Чешиново-Облешево претставнк од Советот на Општина Чешиново-Облешево која Советот на Општина Чешиново - Облешево ја донесе на седницата одржана на 08.08.2025 година.
2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.
3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1908/1
11.08.2025 год.
Облешево

Општина Чешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 2 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002, 202/24) член 29 став1 од Законот за Финансирање на ЕЛС (Сл.весник на РМ бр.61/04,

96/04, 67/07,156/09,47/11,192/15,209/18 и Сл.весник на РСМ бр.244/19, 53/21, 77/21,150/21,173/22,170/24 и 37/25) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019) Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново Облешево за 2025 година)

Член 1

Се усвојуваат Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново- Облешево за 2025 година), кој е прилог на оваа Одлука .

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„

Бр.08-1856/2
08.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново Облешево за 2025 година)

1. Ја прогласувам Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново Облешево за 2025 година која Советот на Општина Чешиново - Облешево ја донесе на седницата одржана на 08.08.2025 година.
2. Измените и дополнувањата на Буџетот на Општина Чешиново-Облешево да се објават во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево.
3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1917/1
11.08.2025 год.
Облешево

ОпштинаЧешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За обезбедени финансиски средства за учество на општина Чешиново-Облешево , во реализација на проектот за ,,Реконструкција на парк во с.Облешево”.

Член 1

Обезбедени се финансиски средства во Буџетот на Општина Чешиново-Облешево, за кофинансирање на проектот за „Реконструкција на парк во с.Облешево“ во вредност од 574 392 денари..Вкупната вредност на проектот е 2 735 199 денари и е финансиран преку проектот за „Зајакнување на општинските совети“ од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП).

.

Член 2

Средствата за кофинансирањето во износ од 574.392 денари ќе се исплатат од буџетот на општина Чешиново-Облешево.

Член 3

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.08-1905/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување и објавување на Одлуката за обезбедени финансиски средства за учество на општина Чешиново-Облешево , во реализација на проектот за ,,Реконструкција на парк во с.Облешево”.

1. Ја прогласувам Одлуката за обезбедени финансиски средства за учество на општина Чешиново-Облешево, во реализација на проектот за ,,Реконструкција на парк во с.Облешево” донесена на советот на Општина Чешиново-Облешево на ден 08.08.2025 година.
2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево .
3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1907/1
11.08.2025 год.
Облешево

ОпштинаЧешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за Локална Самоуправа („Службен весник на Република Македонија „ бр.5/2002) и член 21, став 1, точка 43 од Статутот на Општина Чешиново -Облешево („службен гласник на Општина Чешиново - Облешево „ бр.6/2015 и 7 /2019)Советот на Општина Чешиново - Облешево на седницата одржана на ден 08.08.2025 година ја донесе следната:

О Д Л У К А

За одобрени средства за црква „Св Трифун“-Кучичино

Член 1

Се прифаќа барањето од Иницијативниот одбор за изградба на црква „Св Трифун“-Кучичино, за одобрување на средства за поставување на плоча од 8 м3 бетон.

.

Член 2

Одлуката влегува во сила со денот на нејзиното донесување и истата ќе се објави во „Службен гласник на Општина Чешиново - Облешево„ .

Бр.08-1906/1
11.08.2025 год.
Облешево

Совет на
Општина Чешиново-Облешево
Претседател
Орце Митров

Врз основа на член 50, став 1, точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.5/2002), Градоначалникот на општина Чешиново-Облешево донесе:

Р Е Ш Е Н И Е

За прогласување и објавување на Одлуката за одобрени средства за црква „Св Трифун“-Кучичино

1. Ја прогласувам Одлуката За одобрени средства за црква „Св Трифун“-Кучичино донесена на советот на Општина Чешиново-Облешево на ден 08.08.2025 година.
2. Одлуката да се објави во Службен Гласник на општина Чешиново-Облешево .
3. Решението влегува во сила 8 (осмиот) ден од денот на објавувањето во Службен гласник на општина Чешиново-Облешево.

Бр.09-1916/1
11.08.2025 год.
Облешево

ОпштинаЧешиново-Облешево
Градоначалник
Далибор Ангелов

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

СОДРЖИНА Стр.

1. ОДЛУКА За воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чешиново-Облешево и Општина Кратово.....1
2. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за воспоставување на меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Чешиново-Облешево и Општина Кратово.....1
3. ОДЛУКА За разрешување и именување на членови на Управен одбор ЈОУДГ ,,Ѕвездички" Чешиново, Општина Чешиново-Облешево претставници од Советот на родители.....2
4. РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за разрешување и именување на членови на Управен одбор ЈОУДГ ,,Ѕвездички" Чешиново, Општина Чешиново-Облешево, претставници од Советот на родители.....2
5. ОДЛУКА За утврдување на работното време на ЈОУДГ ,,Ѕвездички" Чешиново за воспитната 2025/2026 година.....3
6. РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на работното време на ЈОУДГ ,,Ѕвездички" Чешиново за воспитната 2025/2026 година.....3
7. ОДЛУКА За давање Согласност на ЈОУДГ„ Ѕвездички"-Чешиново за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи за воспитнта 2025/2026 година.....3
8. РЕШЕНИЕ за прогласување и објавување на Одлуката за давање Согласност на ЈОУДГ„ Ѕвездички"-Чешиново за згрижување на поголем односно помал број на деца во воспитните групи за воспитнта 2025/2026 година.....4
9. ОДЛУКА За усвојување на Извештајот за финансиско-материјално работење на ,,ЈПКД "Облешево за периодот 01.04.2025 – 30.06.2025 година.....4
10. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Извештајот за финансиско-материјално работење на ,,ЈПКД "Облешево за периодот 01.04.2025 – 30.06.2025 година.....4
11. ОДЛУКА За давање согласност на Годишниот план за вработување на ,,ЈПКД" Облешево за 2026 година.....5
12. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за давање согласност на Годишниот план за вработување на ,,ЈПКД" Облешево за 2026 година.....5
13. ОДЛУКА За утврдување на пазарната вредност на разните видови на градежно земјиште.....5
14. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за утврдување на пазарната вредност на разните видови на градежно земјиште.....6
15. ОДЛУКА За именување на член на Училишен одбор во ООУ Страшо Пинџур-Соколарци Општина Чешиново-Облешево претставнк од Советот на Општина Чешиново-Облешево.....6
16. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за именување на член на Училишен одбор во ООУ Страшо Пинџур-Соколарци Општина Чешиново-Облешево претставнк од Советот на Општина Чешиново-Облешево.....6
17. ОДЛУКА За усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново Облешево за 2025 година).....7
18. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за усвојување на Измените и дополнувањата на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година (Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново Облешево за 2025 година).....7
19. ОДЛУКА За обезбедени финансиски средства за учество на општина Чешиново-

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО

Облешево , во реализација на проектот за ,,Реконструкција на парк во с.Облешево”.....7
20. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за обезбедени финансиски средства за учество на општина Чешиново-Облешево , во реализација на проектот за ,,Реконструкција на парк во с.Облешево”.....8
21. ОДЛУКА За одобрени средства за црква „Св Трифун“-Кучичино.....8
22. РЕШЕНИЕ За прогласување и објавување на Одлуката за одобрени средства за црква „Св Трифун“-Кучичино.....8
23. СОДРЖИНА.....10

ПРИЛОГ:

Преглед на просечни цени за утврдување на пазарна вредност на градежнбо изградено земјиште односно дворови, градежно неизградено земјиште и земјиште под зграда

Втор Ребаланс на Буџетот на општина Чешиново-Облешево за 2025 година

ИЗДАВА ОПШТИНА ЧЕШИНОВО-ОБЛЕШЕВО